Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-2158/1 од 08.06.2026 година, со наводи за сомневање за незаконитости во спроведена оставинска постапка на имот на физички лица од -------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека од аспект на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување во пријавениот случај.

Предметот со број 12-2158/1 од 08.06.2026 година, да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 08.06.2026 година, поднесена е пријава против адвокат и нотар со наводи за сомневање за незаконитости во спроведена оставинска постапка на имот на физички лица од ----------, по која е оформен предмет број 12-2158/1 од 08.06.2026 година.
Подносителот бара од ДКСК да постапи согласно нејзините законски надлежности.

По разгледувањето на пријавата, ДКСК констатира дека изнесените наводи во пријавата се однесуваат на повреда на индивидуално право и истите не даваат основ за поведување било каква постапка за што ДКСК е надлежна согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

воедно подносителот на пријавата своето право можел да го оствари со поведување на постапка пред друг надлежен орган.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б., Советник
Контролирал:Ј.Ц., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор

Доставено до
-подносителот на пријавата